ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2018 07 02/1

**Скопје, февруари 2019 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| Финансиски извештаи за 2016 и 2017 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 17-18 |
| - Сметководствени политики | 18-22 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 22-27 |

Кратенки користени во извештајот:

ISSAI – Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции
ЕЛС – Единици на локалната самоуправа
МФ - Министерство за финансии
ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа
МЕ – Министерство за економија
УЈП – Управа за јавни приходи

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:    +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-17/8

Дата: 28.02.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (630) на Општина Македонски Брод за 2017 година.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2017 година и неповолно мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Општина Македонски Брод за 2005 година при што ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Македонски Брод, сметка на основен буџет - 630 за 2017 година, е констатирано следното:

- апликацијата ЛТАС која се применува за администрирање на даноците и комуналните такси не се одржува, поради што постои ризик од искажување на неверодостојни податоци и губење на евидентирани податоци во електронска форма;
- приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, при што најзначително е отстапувањето кај Други неданочни приходи и Капиталните расходи што придонесува да не се реализираат зацртаните цели и задачи;
- буџетот за 2017 година не содржи развоен дел бидејќи не е донесен Планот на програми за развој кој се однесува за периодот 2017-2019 година;
- не е донесена годишна Програма за уредување на градежно земјиште што има за последица нереално планирање на активностите, обем и степен на

опремување на градежното земјиште, извори на финансирање и динамика на извршување;
- Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ на Општина Македонски Брод е за 2016 година, односно не се донесува секоја година како што е предвидено во законските одредби.

За утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за нивно надминување.

Во останати прашања, ревизијата ги истакнува системските слабости во законската регулатива, односно поради недореченост во одредени закони, општините немаат увид во целосноста и точноста во остварувањето на одредени приходи и тоа за:
- комуналната такса за користење на патишта со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините, општините во Град Скопје и градот Скопје;
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ ;
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија и
- наусогласеност на Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уредност со Законот за катастар на недвижности и правилникот за премер и обработка на податоците од премерот.

На нацрт извештајот за сметката 630 не се доставени забелешки од законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 15 и 16 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Македонски Брод на сметката на основен буџет (630), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (630) на Општина Македонски Брод за 2005 година и е изразено неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Општина Македонски Брод застапувано од:

- Милосин Војнески, градоначалник на Општина Македонски Брод од 13.04.2005 година до 31.10.2017 година и
- Живко Силјаноски, градоначалник на Општина Македонски Брод од 02.11.2017 до денот на вршење на ревизијата.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.07. до 01.08.2018 и од 29.08 до 26.10.2018 година кај Општина Македонски Брод од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (630) на Општина Македонски Брод за 2005 година и е изразено неповолно мислење.

Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 10.12.2018 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на буџетирање во Општина Македонски Брод за 2017 година, ревизијата констатира дека воспоставените внатрешни контроли функционираат на начин што обезбедуваат негово донесување во законски утврдените рокови но со значителни отстапувања кај остварените во однос планираните буџетски приходи и расходи.

Ова се должи на следното:

- постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање;
- донесен е буџетски календар со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет, дефинирани се носителите на активностите и се почитуваат роковите во буџетскиот календар при реализација на конкретна активност;

- советот на општината го донел буџетот за наредната година во законски утврдениот рок и
- во трезорот редовно се пријавуваат достасаните неплатени обврски.

И покрај воспоставените внатрешни контроли, ревизијата ги утврди следните слабости:
- при планирање на буџетот кога се планираат капиталните трансфери од други нивоа на власт не се обезбедува писмен документ потврда/договор за средства кои ќе бидат обезбедени/доделени на општината. Досега воспоставена пракса била планирањето на капиталните трансфери да се врши врз основа на усмени напатствија за доделување на средства од други нивоа на власт;
- нереално планирање на сопствените капитални приходи (приходите од продажба на земјиште и приходите од концесии).

Слабостите во планирањето на приходите во процесот на буџетирање придонесуваат за значително отстапување на планираните од реализираните приходи и расходи.

4.1.2. За евиденција (утврдување и наплата ) на даноците во Општината се користи програмот ЛТАС кој е во примена од 2006 година, но истиот не се одржува и надоградува од страна на стручни лица, поради тоа што нема склучено договор за одржување на истиот. Одделението за даноци нема поднесено писмено барање за негово надградување и одржување, туку само усмено барање до градоначалникот. Образложение на барањето било дека поради високи трошоци за одржување истото се одложува за нареден период, поради што досега и не било предвидено во плановите за јавни набавки.

Неодржувањето на софтверот упатува на ризик од губење на целата база на податоци за сите даноци и можност од ризик врз остварените приходи на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општината да преземе активности за одржување и надградба на софтверот ЛТАС со цел заштита на податоците за даноците и комуналните такси, кои се приходи од значење за општината.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Македонски Брод со буџетот за 2017 година има планирано приходи и расходи во износ од 153.302 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 86.158 илјади денари и расходи во износ од 82.491 илјади денари, што укажува на фактот дека има отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи. Приходите се остварени со процент од 56,2 %, а

расходите со 53,8 %.

Ребаланс на буџетот на Општината не е направен од причина што голем дел од буџетот се преземени обврски од претходна година и истите мора секоја година да бидат земени во предвид. За 2017 година има едно проширување и пренамена. (проширување се однесува на наменската сметка –детска градинка, образование и култура, додека пренамената се однесува на основниот буџет за образование - основно и средно училиште на нивната наменска сметка, како и на наменската сметка за противпожарната заштита).

Кај приходите најзначително е отстапувањето кај Капиталните приходи кои се остварени со 34,6%, како и Трансферите и донации кои се остварени со 74,1 %, а кај расходите најзначително е отстапувањето кај Капиталните расходи кои се остварени со 46,9%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот.
Нереалното планирање на приходите и расходите има влијание врз реализацијата на предвидените годишни програмски активности за 2017 година на Општина Македонски Брод и создава можност за склучување на договори за кои нема реални извори на финансирање.

Во месец ноември 2018 година согласно Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа направена е дополна со која е регулирано дека сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција, со што е намалена можноста од донесување на нереални буџети кои се остваруваат со големи отстапувања.

**Препораки:**

- Надлежното одделение, изготвувањето на буџетот да го темели на реалните состојби и можности и на основа податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување, а согласно претходно наведената одредба од Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- градоначалникот да предлага на советот на општината измени и дополнување на буџетот, во случај на значително отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи и
- при неостварување на планираниот буџет надлежните служби да пристапат кон измена на буџетските програми.

4.2.2. Согласно член 21-б од Законот за буџетите, Градоначалникот на општината треба да подготви Предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од

Циркуларот за изготвување на буџетот на општината и истиот да го достави на одобрување до Советот, најдоцна до 20 октомври во тековната година. Ревизијата констатира дека Општина Македонски Брод нема подготвено Предлог план на програми за развој, иако истиот треба да е составен дел на предлогот на буџетот на Општината. Неизготвување на План на програми за развој значи и неприкажување на средства за повеќегодишни проекти наменети за подобрување на инфраструктурата, изградба и реновирање на згради, патишта, набавка на софтверски решенија и слично.

**Препорака**
Градоначалникот во соработка со надлежните служби на Општината да преземе активности за подготвување на предлог план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот за изготвување на буџетот за секоја фискална година и истиот да го доставаат на одобрување до советот.

4.2.3.Не е изготвена и донесена годишна Програма за уредување на градежно земјиште за 2017 година, што не е во согласност со член 95 од Законот за градежно земјиште[1]. Општината последен пат има донесено Програма[2] за уредување на градежно земјиште за 2011 година. Согласно законските одредби со Програмата се уредува :

- просторот кој е предмет на уредување;
- обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- обемот и степенот на опремување на градежното земјиште;
- пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
- изворите на финансирање на програмата и распределба;
- висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба;
- начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
- динамика на извршување на програмата;
- објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Република Македонија и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата, согласно со закон, што ги финансира Република Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила или дала под долготраен закуп Република Македонија.

Недонесување на годишна Програма за уредување на градежно земјиште има за ефект нереално планирање на активностите, обемот и степенот на опремување на градежното земјиште, потребни извори на средства за годишните активности и динамика на извршување на програмата.

[1] Закон за градежно земјиште (Сл.в. на РМ бр.15/15 и Закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште бр. 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16);
[2] Програма за уредување на градежно земјиште за 2011 година бр 07-500/2-1 од 29.04.2011

**Препорака**
Градоначалникот да преземе мерки и активности надлежните служби да изготват годишна Програма за уредување на градежно земјиште согласно одредбите од Законот за градежно земјиште.

4.2.4. Општината има донесено Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ за 2016 година, но не и за 2017 година, како што е предвидено во член 99 од Законот за градежно земјиште според кој:

Општините, можат да ги вршат работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија, доколку ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат изготвено и усвоено едногодишна програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија,
- да имаат потребен број на вработени лица кои поседуваат овластување,
- да имаат формирано Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање и
- да имаат воспоставено електронски систем за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Македонија.

Бројот на вработени лица е најмалку: две лица за општини кои имаат до 20.000 жители.
Недонесување на годишна Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ влијае на самото менаџирање со градежното земјиште, бидејќи оваа програма ги третира териториите, односно опфатите на урбанистичките планови каде што земјиштето е во сопственост на Република Македонија и каде што согласно Законот за градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјиште во рамки и на начин определен со Законот за градежно земјиште.

**Препорака**
Градоначалникот да преземе мерки и активности надлежните служби да изготват годишна Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Остварените приходи од надомест за легализација на бесправно изградени објекти за 2017 година се во вкупен износ од 1.793 илјада денари или 8% од вкупно реализираните капитални приходи на општината. Од нив 1.008 илјада денари се по договор за одложено плаќање на надоместокот додека останатите 785 илјада денари се со еднократна уплата на надоместокот. Договорите за одложено плаќање се евидентираат на конто Побарувања од граѓани - надоместок за утврдување на

правен статус на бесправните градби, но не се врши задолжување на граѓаните кои надоместокот го плаќаат еднократно што значи дека Општината приходот го евидентира по извршена уплата на уплатната сметка од страна на граѓаните. Истата состојба се случува и со надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно, Општината не води евиденција – задолжување на странките (физички и правни лица по однос на еднократна уплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште). Евиденција се води само за странките кои надоместокот за уредување на градежно земјиште го подмируваат со одложено плаќање односно на рати. Со оглед на тоа што Општината не врши еднократно задолжување на странките по основ на побарување за надомест за уредување на градежно земјиште и легализација на бесправно изградени објекти, значи дека истата нема увид и можност за следење на уплатите кои се приход на Општината.

**Препорака**
Надлежните служби во Општината да преземат активности за воведување на евиденција на побарувањата за надомест за уредување на градежно земјиште и надомест за изградба на бесправно изградени односно по издадените решенија и заклучоци без разлика дали плаќањето е на рати или веднаш, во функција на точност и целосност на приходите.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2. и 4.3. е дека не е изготвен Предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот за изготвување на буџетот на општината кој треба да се достави на одобрување до Советот, постои отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи, не е изготвена и донесена годишна Програма за уредување на градежно земјиште за 2017 година, последно донесена Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ во 2016 година и отсуство на евиденција – задолжување на странките физички и правни лица за надоместокот за уредување на градежното земјиште и надоместок за утврдување на правен статус на бесправните градби при плаќања веднаш.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Македонски Брод – сметка на основен буџет (630) на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на

финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Македонски Брод - сметка на основен буџет (630), во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание дека Општина Македонски Брод се јавува во својство на тужена страна по разни основи во 37 поведени судски постапки врз основа на кои од општината се побарува вкупна вредност од 25.998 илјади денари.
Поради тоа што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, кај судските спорови во кои Општината е тужена страна, што може значително да влијае и да го оптерети буџетот на Општината во идниот период.

6.2. Општината има остварено приход од надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини во вкупен износ од 5,791 илјади денари. Овие приходи Општината ги остварува согласно член 76 став 4 од Законот за минерални суровини од уплатените средства по основ на Концесии за експлоатација при што 22% се приход на Буџетот на РМ, а 78% приход на Општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

Согласно доставените податоци од МЕ, на територијата на Општината има вкупно 7 концесионери, но надлежните служби не располагаат со документација, од причина што доделувањето на концесиите е во надлежност на МЕ. Од Општината упатено е Барање до УЈП за вршење на инспекциски надзор кај концесионерите во однос на експлоатираните количини и износ на обврската за плаќање, поради тоа што сметаат дека уплатените надоместоци се минимални и не се извршуваат во обем според концесионерскиот договор и според експлоатираната количина. По барањето не е добиен одговор од УЈП.
Оваа состојба влијае на планирање на приходите во Општината, односно не навремена расположливост со средствата од надоместокот.
Бидејќи приходите по основ на надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини кај некои од општините имаат значително учество во буџетот на општината потребна е поголема соработка помеѓу централната и локалната власт во функција на плаќање на реален надоместок од страна на концесионерите.

## 7. Останати прашања

**Комунална такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила**

7.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила-тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно. Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства.
Ефект од оваа состојба е немање целосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

7.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителнни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.
Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;

- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата, и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни. Општина Македонски Брод за свои потреби овие податоци ги обезбедила по доставено барање.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и точност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

**Регистар на недвижен имот и Регистар на подвижен имот**

7.3. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Македонија со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во РМ, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина (КО) и катастарска парцела (КП).

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и

институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Македонија).

7.4. Поради неусогласеност на законските решенија не се утврдува надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа за следното:

- во Правилникот за степен на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уредност во член 4 став 1 точка 5 предвидени се „ Бензиски пумпни станици и нејзини придружни содржини ( продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории): продажни простории на бензински пумпни станици и услужни простории на бензински пумпни станици“ со коефициент 1,0. Составен дел на бензинските пумпни станици се и настрешниците над пумпите за точење на гориво, кои претставуваат функционална целина од објектот и трајно се поставени на катастарската парцела. Истите се најпрофитниот дел од објектот, а како дел од објектот имаат најголема потреба од целосно комунално уредување. Во член 74 од Законот за катастар на недвижности и член 12 од Правилникот за премер и обработка на податоците од премерот се констатира дека тие објекти немаат корисна површина, односно не се пресметуваат во површина на земјиште под зграда и заради тоа не може да се пресмета надоместокот за комунално уредување;
- согласно Правилникот за степен на уредување на градежно земјиште во член 4 став 2 алинеја 5 „во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверенета проектна документација не се пресметуваат површините на подземните резервоари“ , поради што не може да се пресмета надоместокот за комунално уредување;
- при пресметување на надоместокот за „асфалтни бази“ најголем дел од површината на асфалтните бази е зафатена со инсталации, опрема, машини и простор за комуникација, а многу мал дел е корисна површина од некој објект, така да реално не може да се дефинира корисна површина за пресметување на надоместокот.

Согласно член 2 став 1 точка 2 од Законот за градење изразот градба го има следното значење „Градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко – технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема“.
Неусогласените и непрецизни законски решенија доведуваат до проблеми при примената. Ревизијата смета дека надлежните органи треба да преземат мерки за соодветно регулирање на ова прашање.

**Општина Македонски брод - Сметка на Основен Буџет (630)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 16.752 | 19.265 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 2.376 | 2.371 |
| Капитални приходи | 3.3. | 21.910 | 14.192 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 45.120 | 47.128 |
| **Вкупно приходи** | | **86.158** | **82.956** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 29.745 | 28.774 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 30 | 45 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 15.554 | 12.106 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4.. | 1.255 | 1.039 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **46.612** | **41.964** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **35.879** | **38.920** |
| **Вкупно расходи** | | **82.491** | **80.884** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3.667** | **2.072** |

**Општина Македонски брод - Сметка на Основен Буџет (630)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2017 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3.667 | 2.072 |
| Побарувања | 4.1.2. | 8.252 | 7.083 |
| **Вкупно тековни средства** | | **11.919** | **9.155** |
| **Вкупна актива** | | **11.919** | **9.155** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 11.919 | 9.155 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **11.919** | **9.155** |
| **Вкупна пасива** | | **11.919** | **9.155** |